**Вовед во Претприемништво, д-р Владимир Петковски**

**Што е бизнис?**

„Бизнис“ е збор што често се користи во нашите секојдневни животи. Терминот може да се користи на различни начини:

- Како глагол: „Ние имаме бизнис (ние имаме работни места)!“
- Како израз, што значи дека си сопственик на компанија: „Имам сопствен бизнис!“
- Како именка - мал бизнис

За целите на овој проект, ќе го дефинираме бизнисот како правна организација. Правната организација е вградена во правниот систем на државата, односно, сите правни процедури се веќе завршени и се добиени сите документи неопходни за водење на бизнисот.

Бизнисот може исто така да вклучува и активност. Активност е: правење, купување, продавање и снабдување на одредени производи и/или услуги за пари. Бизнисите можат да произведуваат, продаваат на мало, на големо или да обезбедат услуга.

Терминот „бизнис“ може да се сфати како систем во кој производите и услугите се разменуваат за други производи, услуги или пари. Тоа не значи дека можат да се разменуваат само пари. Други производи или услуги исто така можат да се користат како средство за размена. Но, целта е да се заработат пари за да можат да се финансираат основните бизнис операции.

Најчесто бизнисите се поделени според големината и класификацијата на законот. Тие се класифицирани по големина, според два основни критериуми[1]:

- Број на вработени или
- Една година реален приход (оваа класификација не можат да ја користат новите бизниси или „стартапи“ затоа што немаат извештаи за приход до крајот на првата година).

Врз основа на бројот на вработени, бизнисите можат да се класифицираат како:

- Микро претпријатие (помалку од 10 вработени)
- Мало претпријатие (11 до 50 вработени)
- Средно претпријатие (51 до 250 вработени)
- Големо претпријатие (250 вработени)

Што се однесува на класификацијата на бизнисите според законот или според формите:
бизнисот може да биде:

- Трговец поединец (компанија со ограничена одговорност во сопственост на едно лице)
- Партнерство (компанија во сопственост на две или повеќе лица)

[1] Проф. Радмил Поленаковиќ *Иновации и претприемништво,* Том 1, Националниот центар за развој на иновации и претприемничко учење - Скопје, 2017

- Корпорација (компанија што се води во име на сопствениците кои обезбедуваат средства)

Постојат и други облици на мали бизнис организации како што се заеднички вложувања, бизнис трустови и компании со ограничена одговорност. Овие можат да се најдат во земји во коишто малите бизниси имаат долгогодишна, високо развиена традиција.